**Друштво за управување со**
**инвестициски фондови**
**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**И**
**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА**
**ПЕРИОДОТ КОЈ ЗАВРШУВА НА**
**30ЈУНИ  2017 ГОДИНА**

**Скопје, август 2017**

**СОДРЖИНА** Страна

| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Финансиски извештаи** | |
| Извештај за сеопфатна добивка | 3 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за паричните текови | 5 |
| Извештај за промени во главнината | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7-24 |

MOORE STEPHENS
SKOPJE

Св.Кирил и Методиј 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 14 707

www.moorestephens.mk
www.moorestephens.com

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**Друштвото за управување со инвестициски фондови**
**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 30 јуни 2017 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

MOORE STEPHENS
SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**Друштвото за управување со инвестициски фондови**
**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје заклучно со 30 јуни 2017 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за периодот кој што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

Скопје, 21 август 2017 година

| овластен ревизор | управител и овластен ревизор |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА за периодот кој завршува на 30 јуни**

| | Белешка | 30/06/2017 (000) МКД | 30/06/2016 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од надомести | 8 | 702 | 620 |
| Останати оперативни приходи | 9 | 300 | 420 |
| Трошоци за вработени | 10 | (590) | (590) |
| Трошоци за наемнини | 11 | (143) | (143) |
| Амортизација | 16 | (27) | (27) |
| Останати оперативни расходи | 12 | (159) | (196) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **83** | **84** |
| Добивки (загуби) од вложувања | | - | - |
| Приходи од финансирање | | 9 | 4 |
| Расходи од финансирање | | - | - |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **92** | **88** |
| Расход за данок на добивка | 13 | - | - |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **92** | **88** |
| **Друга сеопфатна добивка:** | | | |
| | | - | - |
| **Вкупно друга сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **92** | **88** |
| **Заработувачка (загуба) по акција (Во МКД)** | 22 | **0.42** | **0.40** |

**Скопје, 21 август 2017 година**

**Главен Извршен Директор**
**Миа Стефановска Зографска**

ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ

| | Белешка | 30/06/2017 (000) МКД | 31/12/2016 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 14 | 3,061 | 2,775 |
| Побарувања | 15 | 169 | 239 |
| Останати тековни средства | | 6 | 6 |
| Вложувања во хартии од вредност за тргување | | - | - |
| Нематеријални средства | 16 | 131 | 157 |
| Опрема | 17 | 1 | 2 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **3,368** | **3,179** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 18 | 35 | 34 |
| Останати краткорочни обврски | 19 | 97 | 1 |
| Обврски по заеми | 20 | - | - |
| **Вкупно обврски** | | **132** | **35** |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 21 | 13,374 | 13,374 |
| Резерви | | - | - |
| Акумулирана добивка (загуба) | | (10,230) | (10,642) |
| Добивка (загуба) за периодот | | 92 | 412 |
| **Вкупно главнина** | | **3,236** | **3,144** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **3,368** | **3,179** |

| | 30/06/2017 (000) МКД | 30/06/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| Парични примања од надомести | 1,072 | 1,045 |
| Исплатени трошоци за вработени | (494) | (494) |
| Исплатени трошоци за наемнини | (143) | (143) |
| Исплатени останати оперативни расходи | (158) | (198) |
| Платен данок од добивка | - | - |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **277** | **210** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | |
| Примени камати и курсни разлики | 9 | 4 |
| Набавки на софтвери | - | - |
| Набавки на опрема | - | - |
| Продажба (стекнување) на хартии од вредност, нето | - | - |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **9** | **4** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Искористени / (вратени) заеми | - | - |
| Уплатен капитал | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-** | **-** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **286** | **214** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **2,775** | **2,582** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **3,061** | **2,796** |

| | Акционерски капитал | Законски резерви | Акумулира на добивка (загуба) | Вкупно главнина |
|---|---|---|---|---|
| **Во (000) МКД** | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2016 година** | **10,289** | **-** | **(10,544)** | **(255)** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | |
| Добивка / (Загуба) за периодот | - | - | 88 | **88** |
| Друго | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **88** | **88** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | |
| Нова емисија на акции | 3,085 | - | - | 3,085 |
| **Состојба на 30 јуни 2016 година** | **13,374** | **-** | **(10,456)** | **2,918** |
| **Во (000) МКД** | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2017 година** | **13,374** | **-** | **(10,230)** | **3,144** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | |
| Добивка / (Загуба) за периодот | - | - | 92 | **92** |
| Друго | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **92** | **92** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | |
| Нова емисија на акции | - | - | - | - |
| **Состојба на 30 јуни 2017 година** | **13,374** | **-** | **(10,138)** | **3,236** |

## 1. Основни податоци и дејност

Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото") претставува акционерско друштво, основано на 22.06.2007 година и запишано во трговскиот регистар на Република Македонија со претежна дејност управување со инвестициони фондови.

Друштвото има добиено Решение за давање одобрение за основање на друштво за управување со фондови од Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на ден 08.08.2007 година. На ден 07.12.2009 година, Друштвото има добиено Решение од КХВ за измени и дополнувања на Статутот на Друштвото и усогласување со Законот за инвестициски фондови.

Согласно Статутот, Друштвото врши работи на управување со имотот на инвестициски фондови, рекламирање на фондовите и продажба на удели во фондовите, работи на инвестиционо советување на клиенти како и други административни работи.

Согласно Решението на КХВ и Решението за отворените фондови, Друштвото има право да основа и работи со еден отворен фонд и тоа: ИНОВО СТАТУС АКЦИИ.

Основната главнина на Друштвото заклучно со 31 декември 2014 година изнесува 167,654 ЕУР. Во текот на 2016 година, врз основа на Решение од Комисија за хартии од вредност, извршено е зголемување на основната главнина на Друштвото согласно Законот за хартии од вредност, преку издавање на дополнителни 50,000 обични акции, во вкупен износ од 50,000 ЕУР, со што вкупниот капитал на Друштвото изнесува 217,654 ЕУР, односно 217,654 обични акции, по номинална вредност од 1 евро. Зголемувањето на основната главнина е регистрирано во надлежните институции во месец Јули 2016 година.

Адресата на Друштвото е ул. Македонија број 27/2-13, 1000 Скопје.

Вкупниот број на вработени со 30 јуни 2017 година изнесува 3 вработени (31 декември 2016: 3 вработени).

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи

### 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 24, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за периодите кои завршуваат на 30 јуни 2017 и 31 декември 2016 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

**2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)**

### 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност освен за вложувањата во хартии од вредност за тргување кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност.

### 2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои не можат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, објективната вредност на вложувањата и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била заснована проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

### 2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

## 3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

### 3.1. Приходи

*Признавање на приходите*

Приходите од провизии претставуваат провизии кои произлегуваат од основната дејност на Друштвото, а тоа е провизија за управување со отворените инвестициски фондови, како и влезна и излезна провизија од клиентите на инвестициските фондови. Приходите од провизии се признаваат доколку е веројатно дека идни економски користи ќе бидат прилив за Друштвото и кога истите може веродостојно да се измерат.

Приходите од камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат истите, независно дали се наплатени или не.

Приходите од дивиденди кои не произлегуваат од вложувања евидентирани според методот на главнина, се признаваат кога ќе се утврдат правата на акционерите за примање на истите.

Капиталната добивка од извршени тргувања со хартии од вредност во свое име и за своја сметка, нето од капиталната загуба се признава кога истата ќе се реализира односно трансакцијата ќе се заврши.

### 3.2. Расходи

*Признавање на расходите*

Расходите произлегуваат од основната дејност на Друштвото, настанати заради вршење на услугите во текот на годината и се признаваат доколку е веројатно дека Друштвото има сегашна обврска и истата може веродостојно да се измери.

Расходите за камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат истите, независно дали се платени или не.

### 3.3. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на извештајот за финансиска состојба.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во извештајот за сеопфатна добивка како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 30 јуни 2017 и 31 декември 2016, се следните:

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.3. Курсни разлики (Продолжение)

| | 30 јуни 2017 | 31 декември 2016 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР = | 61.7033 МКД | 61.4812 МКД |
| 1 УСД = | 54.0640 МКД | 58.3258 МКД |

### 3.4. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци), помалку искажани приходи со поврзани лица. Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2016: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

### 3.5. Заработувачка (загуба) по акција

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

### 3.6. Парични средства

Паричните средства се водат во извештајот за финансиска состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки и денарски депозити по видување.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.7. Побарувања од купувачи

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настануваат побарувања за управувачка, влезна и излезна провизија во инвестициските фондови со кои управува Друштвото. Побарувањата се признаваат во висина на нивната номинална вредност намалена за евентуалната исправка на вредност поради нивна ненаплатливост, односно во висина на нивната надоместлива вредност.

### 3.8. Вложувања во хартии од вредност

Друштвото вложувањата во хартии од вредност ги категоризира како вложувања кои се чуваат за тргување. Вложувањата кои се чуваат за тргување се оние кои се стекнати главно за целите на генерирање на добивка од краткорочни флуктуации на цената.

Друштвото има вложувања во обврзници издадени од државата кои котираат на Македонската берза.

Почетно, вложувања за тргување се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, овие вложувања се мерат според објективната вредност определена според последната просечна пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата кои се чуваат за тргување се признаваат во добивката или загубата за периодот во кој се јавува.

### 3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

*(1) Општа објава*

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Последователно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и било какво оштетување на вредноста.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

*(2) Амортизација*

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 30 јуни 2017 година во однос на 30 јуни 2016 година се следните:

| | 30 јуни 2017 | 30 јуни 2017 | 30 јуни 2016 | 30 јуни 2016 |
|---|---|---|---|---|
| Компјутерска опрема | 25 % | 4 години | 25 % | 4 години |
| Канцелариски мебел | 20 % | 5 години | 20 % | 5 години |

### 3.10. Нематеријални средства

Едно средство се признава за нематеријално кога е сигурно дека субјектот го поседува истото, може да го идентификува и кое нема физичка содржина.

Почетното мерење на едно нематеријално средство е според набавната вредност што ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, а тоа се износот на исплатени парични средства или еквиваленти на парични средства во моментот на негово стекнување. Последователно, нематеријалните средства се признаваат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Амортизацијата не нематеријалните средства претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба средството. Стапката на амортизација во 2017 година изнесува 10% годишно (2016: 10% годишно).

### 3.11. Обезвреднување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста од нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

### 3.12. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.13. Капитал**

*(1) Основна главнина*

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

*(2) Откупени сопствени акции*

Акциите кои се издадени од Друштвото и кои ги поседува истото се третираат како сопствени (трезорски) акции, се признаваат по нивната набавна вредност и се презентираат како намалување на капиталот на Друштвото.

*(3) Законски резерви*

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

**3.14. Наеми**

Наемите со кои се пренесуваат на Друштвото сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска, сегашната вредност на минималните плаќања за наемот.

Наемите каде што значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од наемодавателот, се класифицираат како оперативни наеми. Плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во извештајот за сеопфатна добивка на рамномерна основа за времетраењето на наемот во евиденцијата на наемателите. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во извештајот за финансиска состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности.

Во текот на разгледуваниот период Друштвото има користено простор под оперативен наем како наемател.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.15. Користи на вработените**

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

*(1) Краткорочни користи за вработените*
Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

*(2) Користи по престанок на вработувањето*
Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националните фондови. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Друштвото нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи.

**3.16. Резервирања**

Резервирања (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било кое резервирање се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервирањата се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

**3.17. Неизвесности**

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиските извештаи, туку само се обелоденуваат. Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

## 4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

### 4.1. Пазарен ризик

***Ризик од промени на курсевите***
Друштвото не влегува во значајни трансакции во странска валута со кои истото се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Друштвото не е значајно изложено на можните флуктуации на странските валути, кое сепак е ограничено поради фактот што најголем број трансакции се во Евра, чиј валутен курс се смета за релативно стабилен.

***Ризик од промени на цените***
Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретни вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Друштвото не е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата во хартии од вредност.

### 4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема изложеност на кредитен ризик за побарувањата од Фондот со кој тоа управува, додека за останатиот дел кој вклучува инвестиционо советување постои соодветен кредитен ризик.

### 4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото нема вакви финансиски инструменти договорени по варијабилни каматни стапки, може да се каже дека непостои изложеност спрема ваков вид на ризик, но истиот не е значаен.

### 4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски.

**5. Утврдување на објективна вредност**

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои вклучуваат побарувања од купувачи, вложувањата во хартии од вредност и обврските кон добавувачи, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на извештајот за финансиска состојба.

**6. Финансиски инструменти**

**6.1. Ризик на финансирање**

Друштвото врши финансирање на своето работење со сопствени средства како и со користење на позајмици од други друштва. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа.

**6.2. Ризик од девизни валути**

Друштвото влегува во ограничен и мал број на трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки на средства или услуги на странски пазари, при што истото се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Со состојба на 30 јуни 2017 година, Друштвото има изложеност на финансиски средства во странска валута. Вкупниот износ на овие финансиски средства во странска валута деноминирани во ЕУР изнесува 2,490 илјади МКД (2016: 2,480 илјади МКД).

**6.3. Ризик од промени на каматите**

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.3. Ризик од промени на каматите (Продолжение)

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

| | 30 јуни 2017 | 31 декември 2016 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Парични средства | 1 | - |
| - Побарувања од купувачи | 169 | 239 |
| - Останати побарувања | 6 | 6 |
| | **176** | **245** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | |
| - Парични средства | 3,060 | 2,775 |
| | **3,060** | **2,775** |
| | **3,236** | **3,020** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Обврски кон добавувачи | 35 | 34 |
| - Останати обврски | 97 | 1 |
| - Обврски по заеми | - | - |
| | **132** | **35** |
| *Каматоносни со варијабилна камата:* | | |
| Обврски по заеми | - | - |
| | **-** | **-** |
| | **132** | **35** |

### 6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 30 јуни 2017 година според нивната доспеаност:

| | До 1 месец | 1 - 3 мес. | 3-12 мес. | Над 12 мес. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 3,061 | - | - | - | **3,061** |
| Побарув. од купувачи | 169 | - | - | - | **169** |
| Останати побарувања | - | - | - | 6 | **6** |
| | **3,230** | **-** | **-** | **6** | **3,236** |
| Обврски кон добавув. | 35 | - | - | - | **35** |
| Останати обврски | 97 | - | - | - | **97** |
| Обврски по заеми | - | - | - | - | **-** |
| | **132** | **-** | **-** | **-** | **132** |

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.4. Ризик од ликвидност (Продолжение)

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2016 година според нивната доспеаност:

| | **До 1 месец** | **1 - 3 мес.** | **3-12 мес.** | **Над 12 мес.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 2,775 | - | - | - | **2,775** |
| Побарув. од купувачи | 239 | - | - | - | **239** |
| Останати побарувања | - | - | - | 6 | **6** |
| | **3,014** | **-** | **-** | **6** | **3,020** |
| Обврски кон добавув. | 34 | - | - | - | **34** |
| Останати обврски | 1 | - | - | - | **1** |
| Обврски по кредити | | | | | |
| | **35** | **-** | **-** | **-** | **35** |

## 7. Сегментно известување

Со оглед на својата големина и  активности, Друштвото во текот на своето работење не е организирано во посебни сегмени, ниту како деловни (бизнис) сегменти, ниту како географски сегменти. Поради ова, не се врши сегментно презентирање на работењето на Друштвото.

## 8. ПРИХОДИ ОД НАДОМЕСТИ

| | 30/06/2017 (000) МКД | 30/06/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од управувачка провизија | 702 | 620 |
| Приходи од влезна провизија | - | - |
| Приходи од излезна провизија | - | - |
| **Вкупно** | **702** | **620** |

## 9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| | 30/06/2017 (000) МКД | 30/06/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од инвестиционо советување | 300 | 420 |
| **Вкупно** | **300** | **420** |

## 10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 30/06/2017 (000) МКД | 30/06/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Бруто плати на вработени | 579 | 579 |
| Трошоци за користење на сопствено возило | 9 | 9 |
| Трошоци за стручно образование | 2 | 2 |
| **Вкупно** | **590** | **590** |

## 11. ТРОШОЦИ ЗА НАЕМНИНИ

Трошоците за наемнина во износ од 143 илјади МКД потекнуваат од користен деловен простор под оперативен наем во текот на периодот за извршување на активностите на Друштвото. Договорот за кирија (наем) е склучен заклучно до 15.11.2017 година, а износот на месечна кирија изнесува од 388 ЕУР во бруто износ.

## 12. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 30/06/2017 (000) МКД | 30/06/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Трошоци за интелектуални услуги | 1 | 1 |
| Трошоци за комунални услуги | 23 | 18 |
| Трошоци по договори за дело | - | - |
| Трошоци за ревизија (интерна и екстерна) | 42 | 42 |
| Трошоци за сметководство | 42 | 38 |
| Трошоци за берза, ЦДХВ и КХВ | 4 | 29 |
| Трошоци за телекомуникациски услуги | 30 | 28 |
| Останати расходи | 17 | 40 |
| **Вкупно** | **159** | **196** |

## 13. ДАНОК ОД ДОБИВКА

Данок од добивка за периодот кој завршува на 30 јуни 2017 година не е пресметан со оглед дека Друштвото нема обврска за истото. Пресметката ќе се изврши со крајот на годината со состојба на 31 декември.

## 14. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | 30/06/2017 (000) МКД | 31/12/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Денарски сметки во банки | 570 | 295 |
| Благајна | 1 | - |
| Девизни сметки во банки | 2,490 | 2,480 |
| **Вкупно** | **3,061** | **2,775** |

## 15. ПОБАРУВАЊА

| | 30/06/2017<br>(000) МКД | 31/12/2016<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Побарувања за провизија од Фондот | 119 | 119 |
| Побарувања за инвестиционо советување | 50 | 120 |
| **Вкупно** | **169** | **239** |

Побарувањата во износ од 119 илјади МКД (2016: 101 илјади МКД) се состојат од надомест за управувачка провизија за Фондот кој го управува Друштвото за месец јуни 2017 година. Износот од 50 илјади МКД се однесува на побарување по основ на инвестиционо советување за јуни 2017 година.

## 16. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | 30/06/2017<br>(000) МКД | 31/12/2016<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **522** | **522** |
| Набавки | - | - |
| Усогласувања | - | - |
| **Состојба со 31 декември** | **522** | **522** |
| **Акумулирана амортизација** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **365** | **313** |
| Амортизација | 26 | 52 |
| **Состојба со 30 јуни / 31 декември** | **391** | **365** |
| **Сегашна вредност на 30 јуни / 31 декември** | **131** | **157** |

Нематеријалните средства во целост се состојат од купен софтвер за обавување на активностите на Друштвото и тоа софтвер за администрација на инвестицискиот фонд.

## 17. ОПРЕМА

| | 30/06/2017 (000) МКД | 31/12/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **333** | **333** |
| Набавки | - | - |
| Исправки и отуѓувања | - | - |
| **Состојба со 31 декември** | **333** | **333** |
| **Акумулирана амортизација** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **331** | **329** |
| Амортизација | 1 | 2 |
| Исправки и отуѓувања | - | - |
| **Сегашна вредност на 30 јуни / 31 декември** | **332** | **331** |
| **Сегашна вредност на 30 јуни / 31 декември** | **1** | **2** |

Друштвото не располага со сопствен недвижен имот и затоа користи деловен простор под оперативен наем (Белешка 11). Опремата се состои од набавена компјутерска и деловна опрема за обавување на активностите.

## 18. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| | 30/06/2017 (000) МКД | 31/12/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 35 | 34 |
| **Вкупно** | **35** | **34** |

## 19. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | 30/06/2017 (000) МКД | 31/12/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Обврски за нето плати | 65 | - |
| Обврски за даноци и придонеси од плати | 31 | - |
| Останати | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **97** | **1** |

## 20. ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ

| | 30/06/2017 (000) МКД | 31/12/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** |

Друштвото нема обврски по заеми.

## 21. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

Во текот на 2015 година, врз основа на Решение од Комисија за хартии од вредност, извршено е зголемување на основната главнина на Друштвото согласно Законот за хартии од вредност, преку издавање на 50,000 обични акции од четврта емисија, во вкупен износ од 50,000 ЕУР, со што вкупниот капитал на Друштвото изнесува 217,654 ЕУР, односно 13,374 илјади МКД.

Зголемувањето на основната главнина е регистрирано во надлежните институции во месец Јули 2015 година.

Сопственици на Друштвото се следните акционери:

| | Број на акции | % на учество |
|---|---|---|
| ЕЈ СИ ЕМ Консулт ЕООД Бугарија | 217,654 | 100.00% |
| | **217,654** | **100%** |

## 22. ЗАРАБОТУВАЧКА (ЗАГУБА) ПО АКЦИЈА

| | 30/06/2017 (000) МКД | 30/06/2016 (000) МКД |
|---|---|---|
| Нето добивка (загуба) која им припаѓа на имателите на обични акции | 92 | 88 |

| | број на акции | |
|---|---|---|
| | **30/06/2017** | **30/06/2016** |
| **Издадени обични акции на 1 јануари** | **217,654** | **217,654** |
| Издадени нови обични акции | - | - |
| **Пондериран просечен број на обичните акции на 30 јуни** | **217,654** | **217,654** |
| **Заработувачка (загуба) по акција (во МКД)** | **0.42** | **0.40** |

## 23. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Друштвото не се јавува како тужена странка во судски постапки, ниту пак има дадени било какви гаранции на други друштва.

## 24. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По датумот на известување не се случиле настани од материјално значење, кои би требало да се прикажат во овие финансиски извештаи.

## 25. ОПЕРАТИВНИ НАЕМИ

Износот на идни плаќања по основ на склучени договори за оперативни наеми е како што следува:

| | **30/06/2017 (000) МКД** | **30/06/2016 (000) МКД** |
|---|---|---|
| До 1 година од датум на известување | 108 | 108 |
| Од 1 до 3 години | - | - |
| **Вкупно** | **108** | **108** |

## 26. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Заклучно со 30 јуни 2017 година, Друштвото нема обврски спрема акционерот ЕЈ СИ ЕМ Консулт, ЕООД Софија (30.06.2016: нема обврски).

Друштвото има исплати на клучниот раководен персонал (членови на Одбор на директори) во бруто износ од 552 илјади денари.